РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 08-67/1
05-01-2021 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 45-тата седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-2664/1 од 12.08.2020 година, оформен по поднесена анонимна пријава, за утврдување на прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019).

Предметот со број 08-2664/1 од 12.08.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-2664/1 од 12.08.2020 година е оформен поднесена анонимна пријава во која се укажува дека лицето ____________ во периодот од 10.01.2018 година до 07.03.2018 година ја извршувало функцијата вд директор на ________________________, и при тоа не поднело анкетен лист ниту по избор ниту по престанок на наведената функција.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, побара податоци од Министерството за образование и наука.

Од добиените податоци од Министерството за образование и наука произлегува дека лицето ____________ со решение од 29.12.2017 година е именувано за вд директор на ______________________ а со одлука од 07.03.2018 година е разрешено од наведената функција.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК по разгледување на податоците од Министерството за образование и наука констатира дека согласно со Законот за прекршоците во конкретниот случај е настаната застареност за водење на прекршочна постапка.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Борче Стојановски, виш соработник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**